## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

NPKB 8-6-8-1 + ME се препорачува кај сите култури, а особено кај култури кои имаат поголема потреба од бор, како карфиол, зелка, марула, спанаќ, морков, брокола, домат, пиперка, јаболко, луцерка, шеќерна репка и др., а се применува и кај виновата лоза и кај други култури.
Покрај основните хранливи елементи неопходни за правилен раст и развиток на земјоделските култури, NPKB 8-6-8-1 + ME содржи и микрохранливи елементи (B, Cu, Mn и Zn), со што се обезбедува избалансирана исхрана.
NPKB 8-6-8-1 + ME може да се применува во сите фази на раст и развиток на растенијата, а особено се препорачува во фазата на почетен вегетативен пораст, во фазата на масовно цветање и на почетокот на образување плодови. Како резултат на апликацијата на NPKB 8-6-8-1 + ME, растенијата правилно се развиваат, цветаат, заврзуваат плодови, односно даваат стабилни и квалитетни приноси. Кај овошните видови и кај виновата лоза се постигнува успешно формирање родни пупки за следната година. Дефицитот на бор често се поврзува и со недостигот на влага во почвата, поради што NPKB 8-6-8-1 + ME се препорачува за аплицирање со водата за наводнување, а особено со микронаводнување. Во случај кога не се применува микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација. Најдобар ефект се постигнува со комбинација на микронаводнување и фолијарна апликација.

## НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 2 апликации на 7 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Полјоделски култури | Почеток на вегетацијата или формирање на плодови | 2 апликации | 3 l ѓубриво со најмалку 3000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Заврзување и пораст на плод-зрно* | 3 апликации на 7 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |

*Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 m$^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 2 апликации на 10-14 дена | 300 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Пољоделски култури | Почеток на вегетацијата или формирање на плодови | 2 апликации | 300 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Цветање и пораст на плод-зрно | 2 апликации на 10-14 дена | 400 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**
NPKB 8-6-8-1 + ME може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди. Редоследот на растворање е: вода - NPKB 8-6-8-1 + ME - пестициди. Не смее да се меша со бордовска чорба и со други силни алкални средства.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
5 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Вкупен азот (N) | (8,0 ± 0,5) % |
| Фосфор ($P_2O_5$) | (6,0 ± 0,5) % |
| Калиум ($K_2O$) | (8,0 ± 0,5) % |
| Бор (B) | најмалку 0,500 % |
| **Микроелементи во хелатна форма** | |
| Cu, Mn, Zn | |